ГРАНИТ

Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-301
26.01 2026 год
СКОПЈЕ

www.granit.com.mk

D2

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работењето на

# СЛУЖБАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

за 2025 година

Јануари, 2026

Листа за дистрибуција на Извештајот

Надзорен Одбор на ГД Гранит АД Скопје

Собрание на Акционери на ГД Гранит АД Скопје

СОДРЖИНА

1. Вовед
2. Извршени ревизии
3. Останати активности на Службата за внатрешна ревизија
4. Наоди и дадени препораки
5. Следење на Кодексот на корпоративно управување
6. Оценка на адекватноста на системот на внатрешна контрола

1. Вовед

Врз основа на Законот за трговските друштва („Службен весник на РСМ" бр. 28/2004), членовите 415-а, 415-б и 415-в, како и Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РСМ" бр. 28/2024, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 64/2018, 120/2018 и 290/2020), Правилникот за работа на Службата за внатрешна ревизија на ГД „Гранит" АД Скопје, како и усвоениот План за внатрешна ревизија за 2025 година, Службата за внатрешна ревизија до Надзорниот одбор на ГД „Гранит" АД Скопје го доставува Годишниот извештај за своето работење за 2025 година.

Во Годишниот извештај се опфатени клучните активности на Службата за внатрешна ревизија, и тоа:

- опис на извршените редовни и вонредни ревизии во Друштвото и неговите Организациони единици, согласно Планот за внатрешна ревизија за 2025 година;
- преглед на останатите активности на Службата за внатрешна ревизија, реализацијата на поставените цели, утврдените наоди и дадените препораки за надминување на констатираните слабости, како и степенот на имплементација на препораките;
- следење на усогласеноста на организацијата и работењето на Друштвото со Кодексот за корпоративно управување, согласно Законот за трговските друштва и Заклучокот на Надзорниот одбор бр. 12-13206 од 10.12.2020 година.
- оценка на адекватноста и ефективноста на системите за внатрешна контрола, со изнесување мислење, заклучоци и препораки за унапредување на состојбата;

2. Извршени редовни и вонредни ревизии

Во изминатата 2025 година, Службата за внатрешна ревизија спроведе повеќе ревизорски активности и контроли насочени кон процесите кои имаат директно влијание врз ефикасноста на работењето, финансиската дисциплина и транспарентноста на Друштвото. При утврдувањето на приоритетите, фокусот беше ставен на Секторите и Организационите единици кај кои беа идентификувани зголемени нивоа на ризик.

Согласно Годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија за 2025 година, беа планирани ревизии на објекти кои се изведуваат од страна на Друштвото во рамките на Секторот за оператива. Во таа насока, беше спроведена финансиска ревизија на еден од веќе изведените објекти, а се однесуваше на проектот „Експресен пат – Лот 2, делница Крива Паланка – Длабочица".

Акцентот на проверката беше ставен на начинот на спроведување и реализација на договорите склучени со надворешни даватели на услуги, односно подизведувачи кои директно учествуваа во реализацијата на проектот. При извршената проверка не беа евидентирани значајни забелешки во однос на извршувањето на договорните обврски.

Имено, предмет на анализа беше проект со подолг период на реализација, при што рокот за завршување на истиот беше повеќепати продолжуван. Имајќи го предвид тоа, ревизијата беше спроведена со зголемено внимание и деталност, при што беа опфатени повеќе фактори за кои беше оценето дека постои потенцијален ризик од настанување на грешки. Во таа насока, посебен фокус беше ставен на:

- проверка на точноста и оправданоста на градежните ситуации за извршени работи кон инвеститорот (во случајов ЈП за државни патишта на РСМ);
- усогласеност на изведените позиции и формираните цени во согласност со одредбите од Основниот договор и анексите кон истиот;
- проверка на формирањето и прилагодувањето на цените за подолг временски период, вклучително и примената на релевантни индекси за одреден период како на пример, индекси на трошоци на живот, индустриско производство од домашниот и странските пазари, индекси на цени на нафтени деривати и слично, при што податоците беа споредувани и со официјалните објави на веб-страницата на Државниот завод за статистика на РСМ.

Во рамки на ревизијата беа контролирани вкупно 42 градежни ситуации произлезени од Основниот договор, како и 21 варијација согласно анексите кон договорот. И покрај сложеноста и специфичноста на проектот, не беа констатирани отстапувања или грешки во предметните проверки.

Како можност за унапредување беше идентификувана потребата од дополнително зајакнување на контролите поврзани со договорите за сместување на работници и обезбедување на топол оброк, особено во делот на точната евиденција и пресметката на трошоците.

Понатаму, Службата за внатрешна ревизија изврши и анализа на работењето на армирачките погони на Друштвото, при што посебен акцент беше ставен на работењето на армирачкиот погон во Кичево. За извршената анализа беше изготвен ревизорски извештај со мислење, кој беше доставен до Надзорниот одбор.

Дополнително, Службата редовно изготвуваше извештаи за користењето на основните средства во сопственост на ГД „Гранит" АД Скопје. Во таа насока, беа изготвени и прегледи на трошоците поврзани со користењето на лесните возила во сопственост на Друштвото.

При анализата беа констатирани одредени забелешки, поради што Службата даде препораки за поекономичен пристап и зајакнување на контролите при користењето на овие средства.

Во изминатата 2025 година, Службата за внатрешна ревизија изготви и анализа на потрошувачката на гориво за основните средства во составот на Одделението за транспорт при ОЕ Механизација. Целта на анализата беше да се оцени ефикасноста и економичноста на користење на возилата и машините, како и усогласеноста со интерните правила за контрола на трошоци.

Оваа анализа претставува дел од континуираните напори на Службата за внатрешна ревизија за подобрување на управувањето со ресурсите и рационално користење на основните средства на Друштвото.

Во изминатата 2025 година, Службата за внатрешна ревизија ги следеше и контролираше и активностите на Одделението за експлоатација на средства за општа намена во склоп на ОЕ Механизација, со посебен акцент на ефикасноста на работењето, рационалното користење на ресурси и усогласеноста со интерните процедури. Главните активности кои беа опфатени во оваа анализа се:

- следење на користењето на основните средства и механизација во оперативните процеси;
- анализа на потрошувачката на гориво и трошоците поврзани со транспортните средства;
- проверка на усогласеноста со постојните процедури за контрола на трошоци и евиденција на ресурсите;

Како последна во низата за изминатата 2025 година ќе ја наведам Квалитативната анализа за набавени камионски гуми за период 2020 – Септември 2025, анализа која укажува дека ориентираноста кон поквалитетни камионски гуми претставува оправдан пристап од аспект на одржливост, техничка сигурност и ефикасно управување со возниот парк на долг рок.

Извештаите за извршените ревизии за тековната 2025 година се изготвени согласно интерните упатства и процедури на Друштвото, усогласени со стандардите за внатрешна ревизија и врз основа на релевантни информации доставени од Секторите и Организационите единици на ГД „Гранит" АД Скопје.

Изготвените извештаи од спроведените ревизии и контроли укажуваат на одредени забелешки, при што, се предложени соодветни препораки и мерки насочени кон нивно унапредување, со утврдени рокови и динамика за реализација.

3. Останати активности на Службата за внатрешна ревизија

Во рамки на активностите поврзани со извршените ревизии во 2025 година, Службата за внатрешна ревизија спроведе следење на степенот на реализација на дадените препораки, како и согледувања насочени кон надминување на констатираните забелешки и унапредување на воспоставените практики.
Во текот на годината, Службата по однос на одредени стручни и оперативни прашања обезбедуваше консултативна поддршка, преку давање мислења, совети и насоки до вработените и раководните лица во Друштвото, со цел поефикасно извршување на работните процеси и подобрување на внатрешната координација.
Во овој контекст, беа дадени препораки насочени кон унапредување и доуредување на одредени работни процеси и практики, со цел нивно поефикасно функционирање, подобра организација и намалување на потенцијалните ризици во работењето.
Од страна на Службата за внатрешна ревизија беше вложен континуиран напор за следење на состојбите и поддршка на процесот на имплементација на препораките, преку учество на работни состаноци, давање стручни мислења и тековна комуникација со одговорните лица на Организационите единици и Сектори на Друштвото.
Со цел поуспешна реализација на планираните активности и ревизии, се превземаат дополнителни мерки за унапредување на пристапот кон работењето, а воедно се применуваат и воспоставените професионални стандарди, а се вложува и во континуирано стручно и професионално усовршување на кадарот вработен во Службата.

4. Наоди и дадени препораки

Внатрешната ревизија при реализација на Годишниот план за 2025 година беше насочена кон навремено и рационално спроведување на планираните ревизорски активности, во рамки на расположливото време и обезбедените човечки ресурси. Во текот на 2025 година, најголем дел од активностите предвидени со доставениот и прифатен Годишен план на Службата беа реализирани.
Службата за внатрешна ревизија во континуитет спроведуваше контроли поврзани со целокупното работење на Друштвото, при што беа опфатени клучните сегменти и деловни процеси оценети како приоритетни.
Како резултат на следењето на спроведувањето на дадените препораки, Службата укажува дека забелешките во најголем дел се почитуваат и имплементираат, додека за одредени активности е потребен подолг временски период за нивна целосна реализација.

## 5 Следење на Кодексот на корпоративно управување

Во текот на 2025 година, Службата за внатрешна ревизија континуирано ја следеше усогласеноста и дејствувањето на Друштвото со начелата на корпоративно управување. Главните принципи кои се следат вклучуваат:

- Гарантирање на правата и интересите на акционерите
- Транспарентност во работењето
- Надзор и ревизија на деловните процеси
- Превенција од корупција
- Заштита на лични податоци
- Информирање на јавноста

Примената на овие начела овозможува Друштвото да функционира транспарентно, одговорно и етички, со јасна распределба на одговорностите и подобра контрола на процесите. Во текот на 2025 година, Друштвото редовно ги објавуваше релевантните информации, обезбедувајќи транспарентност и информираност на сите заинтересирани страни.

Исто така, посветено е внимание и на заштита на приватноста и личните податоци, преку вложување во технологии и обука на вработените за целосно почитување на обврските поврзани со оваа област.

Како резултат на извршените проверки, се констатира дека Друштвото целосно ги практикува и применува начелата на Кодексот на корпоративно управување, со постојана ориентација кон следење на најновите практики и нивна имплементација во работењето.

## 5. Оценка на адекватноста на системот на внатрешна контрола и мислење

За поуспешна работа при остварување на поставените годишни цели, Службата за внатрешна ревизија се води и прилагодува според постојната законска регулатива од која пак, произлегува и самата потреба за ревизија на одделни процеси во работењето на Друштвото.

Наодите и препораките произлезени од извршените контроли укажуваат на постоење на одредени согледувања во работењето, кои упатуваат на потреба од дополнително внимание и континуирано унапредување во идниот период. Во таа насока, Службата за внатрешна ревизија преку редовни активности и комуникација придонесува кон навремено идентификување и постепено надминување на забележаните состојби.

Службата за внатрешна ревизија оценува дека преку спроведените контроли, во најголем дел се обезбедува идентификување на потенцијалните ризици поврзани со тековното работење на Друштвото, што овозможува соодветна основа за понатамошно управување со истите.

ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ
granit@granit.com.mk | Тел: +389 2 3218 700 | Факс:+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
ЕМБС: 4054261

СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
revizijagranit@granit.mk | Тел: +389 2 3218 714 | Факс:+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

**ГРАНИТ**

www.granit.com.mk

D2

Врз основа на ревизиите извршени во текот на 2025 година, во доставените извештаи и анализи, за идентификуваните согледувања се предлагаат соодветни мерки и препораки, со цел за унапредување на процесите и практиките во работењето.

Истовремено, беше спроведено и тековно следење на состојбите и активностите поврзани со имплементацијата на предложените мерки, со цел обезбедување континуитет и поддршка во процесот на нивна реализација.

Вака воспоставениот начин на работа придонесува кон создавање стабилна основа за управување со ризиците и унапредување на квалитетот, економичноста и ефикасноста во работењето на ГД Гранит АД Скопје.

Службата за внатрешна ревизија, во соработка со раководните структури и органи на Друштвото, и во наредниот период ќе продолжи да биде насочена кон согледување на можните ризици во работењето и предлагање соодветни активности за нивно навремено препознавање и адресирање, во сите организациони делови на Друштвото.

Скопје, 22.01.2026

Директор на Служба за внатрешна ревизија

Филип Гошев

Градежно друштво ГРАНИТ АД Скопје

ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ
granit@granit.com.mk | Тел: +389 2 3218 700 | Факс:+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
ЕМБС: 4054261

СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
revizijagranit@granit.mk | Тел: +389 2 3218 714 | Факс:+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија